HALKBANK Skopje

# Градиме нов тим

Одлична можност да се приклучите кон реномирана финансиска институција и да станете дел од професионалниот тим во Одделението за работа со хартии од вредност, кој преку својот квалитет и искуство додава нова вредност во унапредувањето и развивањето на банкарските операции и проширување на услугите кои ги нуди Банката.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием на нововработени лица на следната работна позиција:

## Овластен брокер – Референца бр. 011/2023

**Главни работни задачи:**

• Промоција и продажба на услугите за работа со хартии од вредност на Банката (Одделението за работа со хартии од вредност);
• Вршење на теренски посети за презентации на услугите на клиентите;
• Извршување на операции (прием, пренос и извршување на налози) за тргување на Македонска берза или на странски берзи во согласност со регулативата и правилата за тргување;
• Остварување на дефинираните цели на продажбата и планираните финансиски резултати на Одделението за работа со хартии од вредност;
• Континуирано следење на дневните промени на пазарот на хартии од вредност ( дома и во странство);
• Информираност за настаните и објавите поврзани со компаниите кои се тргува на Македонска берза како и за компаниите со кои клиентите тргуваат на странски берзи.
• Анализа на билансите и финансиските извештаи на котираните компании на Македонската берза и странски берзи;
• Познавање, следење и почитување на важечката регулатива и подзаконски акти на пазарот на хартии од вредност и работењето со хартии од вредност;
• Останати активности во склоп на дирекцијата.

**Потребни квалификации и карактеристики:**

• Универзитетска диплома од Економски факултет, Правен или други релевантни факултети, специјалност: инвестирање во хартии од вредност/ финансиска регулатива / финансии или друго соодветно поле;
• Дозвола за работа со хартии од вредност (од Комисија за хартии од вредност);
• Напредно користење на MS-Office (Word, Excel, PowerPoint и Microsoft Outlook);
• Претходно познавање и користење на странски финансиски платформи и финансиски сервиси ( Блумберг , Ројтерс и други), ќе се смета за предност;
• Солидно познавање на англиски јазик;
• Познавање на: Брокерско работење и деловната пракса поврзана со инвестирањето во хартии од вредност на Македонска берза и во странство , технологии, процеси, закони и прописи во врска со хартии од вредност/ инвестициски фондови /сметководство/ финансии / банкарството/ операции, усогласеност со прописивќе се смета за предност;
• Работно искуство во продажба со истакнати продажни вештини и продажни резултати ќе се смета за дополнителна предност;
• Минимум 1 (една) година работно искуство како брокер или на слично работно место: работно искуство стекнато во финансиски/инвестициски фондови/пензиските фондови или други релевантни институции, ќе се смета за предност.

**Лични карактеристики за позицијата:**

• Одлични усмени и писмени комуникациски вештини;
• Развиени продажни вештини и преговарачки способности
• Одлични аналитички презентациски вештини;
• Одговорност и прецизност при работа со големи износи на трансакции
• Способност да се работи ефикасно како дел од тим и поединечно и справување со стресни ситуации и решавање на проблеми;
• Доверливост, чесност и развиена емпатија;
• Подготвеност и способност за учење, подобрување и понатамошен развој на професионални вештини;
• Разбирање и примена на законската регулатива и интерните политики и процедури.

**Бенефиции:**

• Приватно здравствено осигурување;
• Политика за наградување преку системот на бонуси;
• Континуирани обуки за кариерен и професионален развој;
• Динамична работна средина;
• Продуктивно работно опкружување;
• Редовни тим билдинг и спортски активности и настани за дружење;

Халкбанк АД Скопје нуди атрактивни компензациски пакети и можности за континуиран професионален развој кој ја рефлектира нејзината улога како водечка финансиска институција.

Ако сте заинтересирани за овие позиции, ве молиме да аплицирате најдоцна до **30.06.2023 на career@halkbank.mk**
Ве молиме да го доставите вашето CV и пропратно писмо на англиски јазик, со назнака: **Референца Бр. 011/2023 – Овластен брокер.**
Само кандидатите кои ќе влезат во процесот на селекција ќе бидат контактирани.